# FOREVER

N. MACEDONIA

Октомври 2019 | Број 216

**SUCCESS DAY**

**19.10.2019**
**Хотел „Holiday Inn“,**
**Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**



# Лидерот во тебе






**Зарем не е уникатно чувството кога голем лидер говори или раскажува сторија? Тие умеат да ја променат нашата перспектива, да пробудат нови идеи и да нè инспирираат да ги пресретнеме можностите со обновена енергија. Сигурно сте помислиле: „Посакувам да можев да го сторам тоа.“ Јас сигурно сум се чувствувал така.**

Мојот пријател Ким Мадсен е таков лидер. Тој е долгогодишен член на нашиот Глобален лидерски тим и е инспирација за безброј сопственици на Форевер бизнис. Веднаш сам ќе ви каже дека може и да не е најискусниот оратор или вешт бизнисмен, но во него има нешто што секогаш ја воодушевува публиката и ги мотивира останатите сопственици на бизнис да напредуваат кон своите цели.

Ким е само еден од многуте инспиративни луѓе со кои сум комуницирал во Форевер. Без оглед дали говорат на сцената, или се домаќини на презентација на производи, човек се прашува што ги претвора некои луѓе во толку добри лидери. Дали постои тајна техника? Дали некои луѓе просто се раѓаат со магична искра која ги привлекува другите кон нив? Одговорот секако е одречен. Нема магична вештина за лидерство.

Една од најважните лекции што сум ги научил од татко ми Рекс е дека не треба да се обидуваш да бидеш некој друг. Самиот Рекс е како магнет за сите, бидејќи е автентичен. Навистина ги сака луѓето. Навистина ја обожава компанијата и идејата која е во срцето на сè што се обидуваме да постигнеме. Никогаш не претерувал, ниту парадирал со нешто. И не му паднало на ум да биде нешто друго освен Рекс Мон.

Иако тој има многу квалитети кои јас гордо сум се обидувал да ги имитирам, никогаш не сум се обидувал да бидам исто како него. Сепак тој веќе нѝ покажал на сите дека можеш да си автентичен и да постигнуваш успеси, да се чувствуваш добро во својата кожа.

Затоа ви ја пренесувам една од најважните лекции што Рекс ме научил – биди автентичен. Не мора да бидеш полиран или блескав. Треба само да си искрен и да ја споделиш страста кон Форевер. Надминете го наученото набројување на карактеристиките на производите проследено со повторлива презентација на производи или бизнис и инспирирајте ги другите да поверуваат во потенцијалот на Форевер да ги менува животите. Раскажувајте за надминатите тешкотии и за извојуваните победи, покажувајте какво влијание може да има Форевер, правејќи слика преку личната историја.

Сум присуствувал на многубројни Форевер настани и сум гледал големи лидери да застанат на сцената, за да го споделат своето искуство. Имав привилегија и да гледам како луѓето растат, добиваат самодоверба, се менуваат кон подобро и сами се претвораат во инспиративни лидери. Знам дека и вие можете тоа да го постигнете!

Вашата чесност ќе изгради доверба, а вашата страст кон бизнисот ќе стане заразна. Вака се гради тим кој не само што ви верува, туку и се обраќа кон вас за да го учите, инспирирате и водите. Ете ова го нарекувам стабилна основа врз која се гради долготраен бизнис.

**Продолжете да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Да изградиш нешто со кое ќе се гордееш



**Сакам да споделам со вас приказна за ѕидар кој целиот живот градел куќи. Можеби ќе си кажете: „Што има тоа заедничко со мојот бизнис?“ Продолжете со читање. Мислам дека приказната ќе одекне и во вас исто како кај мене.**

Еден ден ѕидарот му рекол на шефот дека дошол моментот да се пензионира, за да има повеќе време за семејството и мирно да ги проживее годините кои му останувaат.

Шефот го замолил да изгради само уште една куќа како лична услуга. Ѕидарот се согласил и се зафатил за работа. Но не ја внел својата душа во работата. По сите години градење и труд, сакал само да ја заврши работата и да ужива во пензионирањето.

Во брзањето да заврши, ѕидарот не се трудел како обично. Бил економичен и користел ефтини материјали. На крај куќата била готова, но квалитетот ни оддалеку не можел да се спореди со работата која со години го исполнувала со гордост.

Шефот отишол во куќата за да изврши увид. Откако ги разгледал сите простории, му ги предал клучевите на ѕидарот и рекол: „Куќата е твоја. Таа е мојот подарок за тебе во знак на благодарност за сите години напорна работа.“

Бран од изненадување и жалење го погодил ѕидарот. Да знаел дека ја гради сопствената куќа, ќе имал различен пристап. Но веќе било доцна да започне од почеток.

Исто како него и вие секој ден го градите вашиот бизнис. Размислете дали создавате нешто кое го симболизира тоа што сте и со што се гордеете? Дали вашиот бизнис ќе го издржи тестот на времето?

Форевер постои 41 години бидејќи е поставен на здрави основи. Не се изгради за еден ден, туку е градена постепено, внимателно и посветено, со ангажман секој ден да зајакне малку повеќе. Можеби не е најблескавата компанија на пазарот, но е стабилна и ќе постои уште четири децении, па и повеќе.

**ИСТО КАКО ЅИДАРОТ И ВИЕ СЕКОЈ ДЕН ГО ГРАДИТЕ СВОЈОТ БИЗНИС.**

Размислете каков живот и бизнис градите. Секој пат кога вклучувате нов човек во семејството на Форевер или привлекувате нов клиент, редите уште една тула во ѕидот или керамида на покривот. Ако го штедите вашиот труд и се обидувате да ги постигнете целите побрзо, квалитетот на вашата работа ќе страда и на крај може да се случи да посакувате да сте го изградиле бизнисот на по-стабилна основа.

Преки патишта кон успехот нема. Сигурно за време на патешествието на моменти ќе се обидете да поминете напреку, но помислете дали не го жртвувате тоа што го сакате најмногу, за тоа што го посакувате во моментот. Бидете внимателни. Секој ден е нова можност да го зајакнете уште повеќе животот кој си го создавате. Малку по малку ќе изградите бизнис со кој ќе можете да се гордеете и кој ќе го издржи тестот на времето.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**
Главен извршен директор на ФЛП

# Дали е за вас мрежниот маркетинг?



Сè се менува, па и професионалниот свет не е исклучок. Според најновите истражувања, претставниците на поколението Y, наречени „миленијалци“, бараат поинаков начин на работа. Кои се тие? Терминот „миленијалец“ се однесува за родените помеѓу 1981 и 2000-та година. Во моментот ова е најголемото поколение активно на пазарот на трудот и се доволно силни за да се залагаат за она што сметаат дека го заслужуваат на работното место. Што е важно за нив? Според истражувањата, стекнување на нови знаења, развој, флексибилност и стабилност се клучните фактори кои младите ги бараат во професионалниот живот.
Не е изненадувачки што многу од нив се отворени кон алтернативи на традиционалната корпоративна кариера и работата од девет до пет. Понекогаш се критикувани дека се многу нетрпеливи или дека сакаат да преземат поголема одговорност со која не можат да се справат. Миленијалците имаат сè што е потребно за да станат едно од нај-претприемчивите поколенија во историјата, но недостигот на средства им пречи да го реализираат својот потенцијал. И покрај нивната силна желба, 42% од нив не можат да тргнат по патот на бизнисот заради финансиски причини.
Дали мрежниот маркетинг е решението за нивниот потенцијал? Според нас – да! Еве неколку причини зошто бизнисот со Форевер може да ви одговара, независно дали сте од поколението Y, или не.

- **Ефективен и докажан бизнис модел**, кој ја користи личната препорака за производите.
- **Еднаква шанса за секој** –без оглед на образование, возраст, искуство.
- **Работите за себе, но не сте сами.**
- **Минимален ризик** – нема потреба од големи инвестиции, за разлика од традиционалниот бизнис.
- **Работа во партнерство со финансиски стабилна компанија** со над 40-годишна историја, активи над 1,5 милијарди долари, без долгови.
- **Флексибилност** – можете да ја комбинирате дејноста со моменталната работа и семејните обврски.
- **Слобода** – сами избирате каде, кога и со кого сакате да работите. Немате работно време, немате шеф, не треба да патувате до канцеларијата секој ден.
- **Дарежливо наградување** – Форевер е стабилна компанија која добро им плаќа на луѓето за препорачувањето на производите и можноста за бизнис.
- **Вреднување** – нема на друго место да ги видите наградите и признанието кои оваа индустрија ги предлага.
- **Нема лимит на доходите**. Во мрежната индустрија нема лимит – колку повеќе работите, толку повеќе ќе добивате. Ќе ви се допаднат и дополнителни бонуси, програмата за кола, патувањата по целиот свет.
- **Одлична обука и поддршка** од солиден глобален бренд.
- **Развивате бизнис глобално** – Форевер е присутна во над 160 држави.
- **Личен развој** – усвојувате нови знаења и вештини, се развивате, добивате самоувереност и постигнувате нешта за кои не сте ни претпоставувале дека сте способни.
- **Комуникација**– се запознавате со нови луѓе, создавате нови пријателства.
- **Пасивни доходи** – со труд и трпение можете да си изградите структура која ќе ви носи одлично наградување.
- **Ги исполнувате вашите мечти, помагајќи им на другите** да ги исполнат своите. Им помагате на луѓето да изгледаат и да се чувствуваат подобро.

Ако засега сте само задоволен клиент на одличните производи на Форевер, можеби е време да размислите и за можноста за бизнис.



# Секој може да успее

**СЕКОЈ може да успее ако добро го разбере принципот на умножувањето и вложи напор за да го претвори во дејство. СЕКОЈ може да биде успешен со Форевер, системот на мрежниот маркетинг и маркетинг планот на Форевер даваат можност за само неколку години да го постигнете она што мнозина не го постигнуваат за цел живот, работејќи за друг.**



Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Овие денови во канцеларијата на Форевер тече активна подготовка на патувањата на Менаџерите ОРЕЛ до Далас, Тексас и до Патаја во Тајланд. Организација, авионски карти, сместување и многу други детали поврзани со патувањата кои фирмата целосно ги покрива. За да останат тие незаборавни за секој сопственик на Форевер бизнис кој ги исполнил условите на квалификацијата. И пред да сме завршиле со таа организација, веќе гледаме напред кон годишната бизнис обука која оваа година ќе се одржи во Боровец, како и кон Глобалното рели на Форевер кое ќе нè одведе во Сиднеј, Австралија, во мај догодина, а зошто не и кон следната средба на Менаџерите ОРЕЛ на Бахамските острови?!

И за момент седиме и размислуваме во каква неверојатна компанија работиме. Какви можности таа му предлага на секој да си го промени животот и да ужива во патувања и доживувања за кои само можеме да мечтаеме! Компанија која веќе над 40 години дава можност достапна за СЕКОЈ да го зголеми многукратно трудот преку принципот на умножувањето. Да ги исполни мечтите, сопствени и на семејството, во соработка со доверлив партнер од индустријата на мрежниот маркетинг.

Секако има и скептици кои ќе истакнат дека ете не сите соработници заработуваат големи пари, дека не секој се квалификува за патувања, дека не секој успева да изгради голема и функционална мрежа и многу други интересни аргументи под насловот „не секој“.

Искрено, се согласуваме дека не секој успева во индустријата на мрежниот маркетинг. Тоа е факт потврден во последните 20 години во кои имаме задоволство да го управуваме Форевер во Бугарија и Македонија. А причината е едноставна – мрежниот маркетинг не е систем за брзо и лесно збогатување. Како и секој друг слободен потфат, во него исто се бара труд, дисциплина и трпение. Точно е дека не е секој подготвен да вложи напор, не секој сака да биде организиран и дисциплиниран и не секој има трпение да не се откаже.

Но има уште нешто кое никој не може да го оспори, и тоа е, дека СЕКОЈ може да успее ако добро го разбере принципот на умножувањето и вложи напор за да го претвори во акција СЕКОЈ ден, СЕКОЈА седмица, СЕКОЈ месец и така во продолжение на неколку години. На СЕКОЈ кој е подготвен да направи сè што е неопходно за да биде успешен со Форевер, системот на мрежниот маркетинг и маркетинг планот на Форевер му даваат можност само за неколку години да го постигне тоа што мнозина не го постигнуваат за цел живот, работејќи за друг.

Ако припаѓата на луѓето кои сметаат дека успехот во Форевер треба да „следи“ на секого независно од вложениот труд, ви препорачуваме да си најдете друг начин да „успевате“. Ако пак сте од оние кои знаат што сакаат, јасно им е што треба да направат за да ги постигнат целите и никогаш нема да се откажат, ви гарантираме дека за вас бизнисот со Форевер ќе биде незаборавно патешествие и во буквална и во преносна смисла на зборот.

Сè уште не сме започнале да купуваме билети и хотели за Сиднеј и за крстарење на Бахамите, така што секој од вас сè уште може да ги заработи. Или барем направете ги првите неопходни чекори за да бидете меѓу следните кои ќе го постигнат. Бидете трпеливи и последователни.

**Направете го тоа, вреди!**



Засекогаш со вас,
**Тања и Стефан Стаеви**

# Зелено гориво за вашиот ден

## Идеална комбинација од над 20 овошја и зеленчуци за вашиот активен начин на живот

Кога живееме динамично не е лесно да одделиме време за јадење на свежо овошје и зеленчук. Често посегнуваме кон преработена храна за да го задоволиме гладот. Така секако е можно да не ги внесуваме витамините и нутриентите кои ги добиваме единствено од исхраната богата со свежо овошје и зеленчук. За среќа има начин да му го обезбедиме на телото најдоброто од природата, и тоа брзо и удобно!

Форевер супергринс содржи клучни супер-храни и антиоксиданти кои му помагаат на телото да ја поддржи природната заштита, а на нас – да сме во оптимална форма. Секоја хранлива ќесичка содржи алое и над 20 овошја и зеленчуци. Оваа комплетна супер-храна има одличен вкус и лесно се раствора во вода или во вашиот омилен напиток. Исполнете го денот со зелената моќ која ќе ја откриете само во Форевер супергринс.



# Динамична комбинација од најдобрите природни супер-храни

За хранливата моќ на Форевер супергринс ги побаравме најмоќните супер-храни и создадовме напиток кој е полн со корисни хранливи материи и помага за одржување на здрава pH рамнотежа. Кога во нашето тело алкалната и киселата средина се во рамнотежа, ние имаме повеќе енергија, повеќе сме фокусирани, а коските, мускулите и кардиоваскуларниот систем се во добра состојба.

---

**Нашата комбинација од алкализирачки зеленчуци како спанаќ, кељ и брокули поддржуваат оптимални pH нивоа и ви помагаат да ја одржите рамнотежата!**

---

Но ова е само почеток, кога зборуваме за ризницата од зелени и растителни состојки со кои Форевер супергринс ќе ве снабди. Алое вера помага да извлечете максимум од секоја состојка, така што ја оптимизира апсорпцијата на нутриентите, го помага варењето на храната и ја зголемува природната енергија.

# Гориво за вашиот тренинг

Независно кон што се стремите кога се движите, или какво е вашето фитнес ниво, Форевер супергринс е идеалниот додаток за вашата спортска торба. Ефективната смеса од зелени храни дава сила и издржливост за време на физичка активност и придонесува за закрепнување на мускулите по неа.

---

**Дали се подготвувате за одличен тренинг, или за викенд полн со забава, Форевер супергринс ви нуди хранлив поттик кој ви е потребен за да изгледате и да се чувствувате на најдобриот можен начин.**

---

**Дајте зелено светло на виталноста и наполнете го телото со моќта на растителните супер-храни.**

# Збогатете го омилениот напиток со супер-храни

Ви требаат само 250 мл вода и ќесичка Форевер супергринс за да уживате во хранливата ризница. Таа е идеален начин да си обезбедите зелени храни во секое време и насекаде. Одлична е и за збогатување на омилениот напиток со растителни нутриенти.

Растворете ја ќесичката во шејкот Форевер лајт ултра, за да ја додадете моќта на протеините кон зелените супер-храни. Ќе ви се допадне како мекиот вкус на шумски овошја на Форевер супергринс се комбинира со аромата на чоколадо и ванила.

Не се лишувајте од хранливи материи само затоа што немате време да јадете доволно свежо овошје и зеленчуци. Животот не го забавува темпото кога вие имате потреба. Но благодарение на Форевер супергринс можете да ги искористите сите предности на над 20 овошја и зеленчуци дури и во брзото секојдневие. Нема подобар начин да додадете зелени храни кон вашиот режим.

# Рецепти со супер зелена инспирација

**Вкусот на Форевер супергринс е одличен, но не се плашете и да експериментирате. Пробајте една од следните рецепти за да го нахраните и телото и вашата фантазија!**

## ЗЕЛЕНИ ПРОТЕИНИ

Помешајте го хранливото богатство на над 20 овошја и зеленчуци со 17 грама протеини и вкусниот аромат на ванила на Форевер лајт ултра. Започнете го денот со овој шејк богат со хранливи материи, за да сте витални сè до вечерта.

177 мл кокосова вода  
118 мл Форевер алое и праски  
1 ќесичка Форевър супергринс  
1 дозерка Форевер лајт ултра ванила  
½ чаша мраз

Изматете ги состојките во блендер. Наросете со кокосови трошки и насладете сè!

---

## GREEN-A-COLADA

Понудете им на вашите рецептори за вкус тропска егзотика со овој безалкохолен коктел со Форевер супергринс. Ароматната рецепта е како парче рај во чаша – идеална за излежување покрај базенот.

236 мл кокосова вода  
118 мл Гел од алое вера  
1 ќесичка Форевер супергринс  
½ чаша парченца ананас

Изматете ги состојките во блендер и додадете мраз. По желба: ставете малку пчелен мед Форевер во чинија и потопете го работ на чашата во него. Потрудете сè да го покриете целиот раб со мед и потоа потопете го во кокосови трошки. Ставете хартиено чадорче, пијте и опуштете сè.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА АВГУСТ 2019 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

Бекири Муазес
Васов Вангел
Пејковска Шахпаска Будима

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Богатиновска Даниела
2. Бубевски Гаврил
3. Будимовиќ Сања
4. Бучиќ Ана
5. Гигов Марија
6. Глигоровска Кнагина
7. Грујоска Александра
8. Гугинова Натка
9. Дашурије Рахмани
10. Делева Росана
11. Димковска Јасминка
12. Димковска Симона
13. Ѓорѓиева Даниела
14. Ѓурѓевиќ Наташа
15. Зендели Аријета
16. Зеќири Елмедина
17. Иванов Иле
18. Исеини Кујтиме
19. Јанева Софија
20. Јанева Василка
21. Јовановска Даниела
22. Костадиновска Јасминка
23. Лазареска Марина
24. Магдеска Трајчевска Каролина
25. Мастева Александра
26. Мемети Зана
27. Милчева Лозенка
28. Миловановиќ Радмила
29. Митевска Даниелка
30. Поптрандова Дана
31. Речи Фатмире
32. Самарџиева Зорица
33. Скакарска Харалампиев Валерија
34. Соколова Валерија
35. Спасевска Славица
36. Стевковска Ирена
37. Стоименовски Маја
38. Томова Елисавета
39. Трпеска Билјана
40. Урошевиќ Маја
41. Селмани Ајнуре
42. Чолакова Розета
43. Џафери Зарија
44. Џуџевич-Ќерими Мирсада

## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

## SUCCESS DAY

**19.10.2019**
Хотел „Holiday Inn“, Скопје
Почеток-11 часот
Ве очекуваме!

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 3**

4 CC Level 3

Алили Ахмеди Узлифет
Давитков Горан
Жарко Ленче и Мијо

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Славица Донакова | 2. Вера Златковска |
| 3. Вера Златковска | 3. Бејтуле Сулејмани |
| 4. Стевица Димовска | 4. Славица Донакова |
| 5. Др.Снежана Контра | 5. Жарко Георгиевски |
| 6. Блага Крстеска | 6. Линдита Амити |
| 7. Катерина Трајчевска | 7. Др.Роза Гелевска |
| 8. Слафко Михајловски | 8. Елена Гелевска |
| 9. Елена Гелевска | 9. Слаѓана Маџова |
| 10. Жарко Георгиевски | 10. Узлифет Алили Ахмеди |

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**
бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.